ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-271/6**

**Дата: 24.03.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година, при што е утврдено дека е постигнат задоволителен напредок во имплементација на дадените препораки, односно сите препораки се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Во 2009 година има значителна неусогласеност на остварените со планираните буџетски приходи и покрај усвоениот ребаланс во месец ноември согласно законските одредби.
Издавањето под закуп на деловниот простор од месните заедници сопственост на Општината е без постапка за јавно наддавање.
Општина Ѓорче Петров нема остварено приходи по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање иако има паркиралиште кое со договор во 2007 година е отстапено за одржување и користење на ЈП "Градски Паркинг„ Скопје.
Во Билансот на состојбата не се искажани побарувањата по основа на данок на имот и комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија.
Од страна на ревизијата за надминување на утврдените состојби дадени се препораки: планирањето на буџетските приходи и расходи да се темели на

реалните состојби и можности и да се следи извршувањето на буџетот, да се спроведе постапка за издавање на деловниот простор со акт кој ќе биде потврден од страна на Советот на општината и да се евидентираат побарувањата по основ на данок на имот и такса за фирма со цел искажување на реални финансиски извештаи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров за 2006 година. Изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, и мислење без резерва за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Сокол Митроски, градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да

добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.12.2010 до 21.12.2010, кај Општина Ѓорче Петров од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 18.01.2011 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 29-271/1 од 09.02. 2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Усогласеност со закони и прописи**

4.1.1. Општина Ѓорче Петров со Буџетот за 2009 година има планирано приходи/расходи во износ од 293.902 илјади денари, меѓутоа во текот на 2009 година реализирани се приходи во износ од 216.515 илјади денари и расходи во износ од 204.229 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 73,67%, а расходите со 69,49%. Извршен е ребаланс на буџетот во ноември 2009 година, но има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените.
Согласно член 36 точка 3 од Законот за буџетите и член 29 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи се должи на нереалното планирање, не почитување на реалните можности на Општината и историските податоци со што се нарушува принципот на менаџерско управување.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет и администрирање на даноци, планирањето на буџетските приходи и расходи при изготвување на буџетот како и при ребаланс на истиот да го темели на реалните состојби и можности на Општината и податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување.

4.1.2. Општина Ѓорче Петров го издава деловниот простор од месните заедници на правни лица со кои се склучени договори со рок на важност од една години, без постапка за јавно наддавање што не е во согласност со член 67 од Законот за локална самоуправа.
Во септември 2009 година од страна на градоначалникот донесен е акт-Критериуми, услови и начин на користење на деловни простории, фискултурни сали во основните училишта и спортска сала сопственост на Општина Ѓорче Петров кој акт не е доставен на усвојување на Советот на Општината.
Давање на користење на имот на општината на други субјекти, спротивно на законските прописи создава можност за фаворизирање одредени субјекти, ја намалува транспарентноста, конкуренцијата и остварувањето на поголеми приходи од закупнини.

**Препорака:**

- Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да обезбеди спроведувањето на постапката за издавање под закуп на имотот на Општината да е во согласност со Закон.
- Актот Критериуми, услови и начин на користење на деловни простории, фискултурни сали во основните училишта и спортска сала сопственост на Општина Ѓорче Петров да се достави на усвојување на Советот на Општината.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Општина Ѓорче Петров не остварува приходи по следниот основ:

- приходи по основ на склучен договор во 2007 година со ЈП „Градски Паркинг" Скопје за користење и одржување на паркиралиште Ѓорче Петров, кое е изградено со финансиско учество на АД „Скопски пазар" Скопје. За користење на паркингот ЈП „Градски Паркинг" има обврска по измирување на сите трошоци кои се однесуваат на бруто плата и други надоместоци за двајцата превземени работници како и месечните фиксни трошоци, на сметката на Буџетот на Општината, да префрла 60% од месечните позитивни резултати од остварените приходи, и
- приходи од комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни возила, од паркингот даден на користење на ЈП „Градски Паркинг", што не е во согласност со член 3 од Законот за комунални такси. Правниот субјект кој стопанисува со паркингот е должен да наплаќа комунална такса и средствата да ги уплатува на соодветна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на Општината.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе активности:

- за доследно спроведување на одредбите од склучениот договор, да се воспостави редовна процедура за месечно известување од страна на ЈП „Градски Паркинг" за остварените приходи и расходи од стопанисувањето со паркинг просторот;
- како и спроведување на инспекциски надзор за утврдување и наплата на комуналната такса за користење простор за паркирање.

4.2.2. Ревизијата утврди дека проценетата вредност на позицијата Побарувања е нереално и необјективно прикажана, односно искажана во помал износ за неевидентираните побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија.

Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереални и необјективни финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет и администрирање на даноци да воспостави евиденција на побарувањата по основ данок на имот и комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Ѓорче Петров, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Општина Ѓорче Петров е тужена страна за износ од 23.822 илјади денари од 5 правни лица и 16 физички лица, од кои 9 предмети на неопределена вредност, по основ на надомест за плата и придонеси, долг, нарушено владение, поништување на решение, надомест за одземено земјиште, предавање во владение, обезбедување на докази, поврат на сопственост, надомест на штета, надомест на експроприран недвижен имот.
Општина Ѓорче Петров се јавува како тужител против: 6 правни лица и 1 физичко лице за износ од 435 илјади денари по основ на долг и поништување на купопродажен договор на неопределена вредност.

Скопје, 21. 03. 2011



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ _____________________

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 76.341 | 106.069 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3.676 | 6.061 |
| Капитални приходи | 3.3. | 17.394 | 1.735 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 119.106 | 47.323 |
| **Вкупно приходи** | | **216.517** | **161.188** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 28.283 | 28.172 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 651 | 887 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 55.594 | 52.908 |
| Каматни плаќања | | 0 | 26 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 6.646 | 1.148 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **91.174** | **83.141** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **113.057** | **48.482** |
| **Вкупно расходи** | | **204.231** | **131.623** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **12.286** | **29.565** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 12.286 | 29.565 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1.225 | 1.721 |
| **Вкупно тековни средства** | | **13.511** | **31.286** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **13.511** | **31.286** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 13.511 | 31.286 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **13.511** | **31.286** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **13.511** | **31.286** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________ ______________________

**Преглед 1**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Ѓорче Петров на сметката на основен **Буџет** (630)

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.** | **11.1. Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.1. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека и покрај воспоставените контроли, постои ризик дека буџетот нема да се изготви и донесе во законски утврдените рокови. Причина е непостоење на пишани процедури пред се недонесениот буџетски календар што создава услови за недефинирани рокови за навремено и целосно вклучување на буџетските корисници и | Ревизијата препорачува градоначалникот како одговорно лице да преземе активности во функција на донесување на Буџетски календар со утврдени рокови | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | јавноста во постапките на подготвување, предлагање, расправи и донесување на буџетот во роковите предвидени со Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. | за:<br>- доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови до буџетските корисници;<br>- доставување на финансиски планови од општинските буџетски корисници до градоначалникот, и<br>- доставување предлог буџет до советот на општината. | | |
| **11.2.** | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.2.1. | Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Градоначалникот на општина Ѓорче Петров има | Заради поголема контрола и транспарентност, да | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | доставено квартални извештаи за извршување на буџетот на општината до Советот. Истите се разгледувани само на Комисијата за финансирање и буџет, што е спротивно на член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и има за ефект неисполнување на законските обврски од страна на Советот. | се воспостави пракса, советот на општината да ги разгледува кварталните извештаи, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. | | |
| 11.2.2. | Советот на општина Ѓорче Петров нема усвоено годишен извештај за работењето на општина Ѓорче Петров за 2006 година. Освен годишната сметка, Советот нема усвоено извештаи за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност и извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации, од причина што службите на општината ги немаат изготвено овие извештаи, што е | Тргнувајќи од определбата за економично и транспарентно работење како законска обврска на општините, при усвојување на годишната сметка која е составен дел | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | спротивно на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.<br>Презентирање и усвојување на годишната сметка без овие комплетни извештаи ја намалува транспарентноста во работењето и создава можност за презентирање на некомлетни податоци. | на Годишниот извештај, на Советот на општината да му бидат доставени на усвојување и извештаите предвидени со одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________